


# УПАТСТВО

## ЗА КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВА ОД ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2011 ГОДИНА

*Март, 2011 година*

# СОДРЖИНА

**I. ОПШТИ УСЛОВИ ........ 4**

**II. ПОСТАПКА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ........ 4**

1. Каде може да го добиете образецот „Барање за директни плаќања“? ........ 4
2. Помош при пополнување на образецот „Барање за директни плаќања“ ........ 4
   *Образецот и помошта за негово рачно пополнување од страна на советниците на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството ........ 4*
   *СЕ БЕСПЛАТНИ ........ 4*
3. Постапка со пополнетиот образец „Барање за директни плаќања“ ........ 5
4. Постапка со примениот образец “Барање за директни плаќања“ ........ 5
   *Оваа постапка Ви дава можност за Ваша повторна проверка на податоците внесени во барањето и во електронскиот систем, како и автоматска проверка на податоците од регистрите и евиденциите преку кои се врши административна контрола на доставеното барање. Во случај на несовпаѓање на податоците од барањето со податоците од регистрите имате можност истите да ги корегирате во надлежните институции и да го остварите правото на директни плаќања за производствените капацитети со кои реално располагате. ........ 5*
5. Повлекување, изменување и дополнување на поднесено барање ........ 5
   *ВНИМАВАЈ !!! ........ 6*
   *Барање може да поднесе само носител на земјоделско стопанство. ........ 6*
   *Доколку имотот е во сопственост на член на стопанството, задолжително се пополнува Изјава за носител и членови на семејното земјоделско стопанство и истата се заверува на нотар. ........ 6*
   *Доколку земјоделското стопанство е регистрирано во една подрачна единица, а барањето се доставува во друга, во тој случај задолжително се доставува потврда за упис во Единствен регистар на земјоделски стопанства издадена од подрачната единица каде што се води регистарот. ........ 6*
   *За растително производство барање се поднесува по завршување на сеидба/садење/расадување. Не се пријавуваат површини кои се планираат за сеидба, туку реално насеаните површини. ........ 6*
6. Рок за поднесување на барање ........ 6

**III. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА ПО ПОВРШИНА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ........ 10**

**IV. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА ПО ГРЛО ДОБИТОК ........ 11**

**V. ИСПЛАТА НА СРЕДСТВА ........ 12**

1. ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА ЗА РАСТИТЕЛНО ПРОИЗВОДСТВО ........ 13
   *1.1 Директни плаќања по обработлива земјоделска површина ........ 14*
   *за поледелски култури ........ 14*
   *1.2 Дополнителни плаќања од подподмерка 1.1 за одгледување на ориз и сончоглед ........ 15*
   *1.3 Дополнителни плаќања од подподмерка 1.1 за засеани површини со житни култури со сертифициран семенски материјал ........ 16*
   *1.4 Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за градинарско производство на отворено и во пластеници ........ 17*
   *1.5 Дополнителни плаќања од подподмерка 1.4 за производство под контролирани услови на домати, пиперки, краставици и режано цвеќе ........ 18*
   *1.6 Дополнителни плаќања од подмерка 1.4 за градинарски култури предадени во преработувачки капацитети ........ 19*
   *1.7. Директни плаќања по површина за одржување на постоечки лозови насади ........ 20*
   *1.8. Директни плаќања по површина за одржување на постоечки овошни насади ........ 21*
   *1.9. Директни плаќања за подигнати нови лозови насади ........ 22*
   *1.10. Директни плаќања за подигање нови овошни насади ........ 23*
   *1.11. Директни плаќања за произведен и продаден ориентален ароматичен и полуориентален суров тутун од реколта 2010 година ........ 24*

*1.12 Директни плаќања за призводство на домашен сертифициран семенски материјал за житни, индустриски (освен тутун) и градинарски култури* ..... 24
*1.13 Директни плаќања за призводство на домашен лозов калем и овошен саден материјал* ..... 25

2. ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА ЗА СТОЧАРСКО ПРОИЗВОДСТВО ..... 26

*2.1 Директни плаќања за обележани грла говеда* ..... 26
*2.2 Директни плаќања за произведено и продадено кравјо млеко* ..... 27
*2.3 Директни плаќања за одгледани и заклани грла говеда во регистриран кланичен капацитет* ..... 28
*2.4 Директни плаќања за добиено теле по пат на В/О* ..... 29
*2.5 Директни плаќања за набавка на високостелни јуници со познато потекло и висок генетски потенцијал* ..... 30
*2.6 Директни плаќања за обележани грла овци од сите категории* ..... 31
*2.7 Директни плаќања за произведено и продадено овчо млеко* ..... 32
*2.8 Директни плаќања за набавка на машки приплодни грла - оригинали и репродуктори* ..... 33
*2.9 Директни плаќања за обележани грла кози* ..... 34
*2.10 Директни плаќања за произведено и продадено козјо млеко* ..... 35
*2.11. Директни плаќања за набавка на приплодни машки грла* ..... 36
*2.12 Директни плаќања по грла маторици* ..... 37
*2.13 Директни плаќања за одгледани и заклани гоеници во кланичени капацитети* ..... 38
*2.14 Директни плаќања за набавка на приплодни грла свињи (назимки и нерези)* ..... 39
*2.15 Директни плаќања за одгледани и заклани бројлери во регистрирани кланични капацитети* ..... 40
*2.16 Директни плаќања за амортизирани несилки заклани во регистрирани кланични капацитети* ..... 41
*2.17 Директни плаќања за произведени еднодневни бројлерски пилиња* ..... 42
*2.18 Директни плаќања за произведени еднодневни женски пилиња од јајценосни хибриди* ..... 43
*2.19 Директни плаќања за регистрирано презимено пчелно семејство* ..... 44
*2.20. Директни плаќања за набавка на матици* ..... 45
*2.21 Директни плаќања за подигање на нови површини под медоносна флора (фацелија, еводија и багрем)* ..... 46
*2.22 Директни плаќања за фармерско одгледување на ноеви* ..... 47
*2.23 Директни плаќања за фармерско производство на полжави* ..... 48

3. ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА ЗА ОРГАНСКО ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО ..... 49

*3.1 Дополнителни плаќања од 30% за подмерките од мерка 1 и 2 сертифицирани како растително и сточарско органско производство и производство во преод, освен за подмерките 3.2 и 3.3 од мерка 3* ..... 49
*3.2 Директни плаќања за површини наменети за зелено ѓубрење/угар во плодоред* ..... 51
*3.3 Дополнителни плаќања од 50% за подмерките од мерка 2, подмерки 2.6, 2.9 и 2.19 органско овчарство и козарство* ..... 52
*3.4 Директни плаќања за преработка на органски производи и органски производи во преод од домашно потекло (вклучително за доработка и пакување на самоникнати видови со органско потекло)* ..... 53
*3.5 Директни плаќања за продажба на органски производи и органски производи во преод од домашно потекло* ..... 53
*3.6 Посебни директни плаќања за стручна контрола и сертификација* ..... 54
*3.7 Посебни директни плаќања за лабораториски анализи на почва и вода и анализа на органски производи* ..... 55

**II. МЕРКИ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА ПОДДРШКА ЗА РАЗВОЈ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО (ДРЖАВНА ПОМОШ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО) ........ 56**

4. ПОМОШ ЗА ПРЕМИИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ........ 56
5. ПОМОШ ЗА ЗАШТИТА НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ЗЕМЈИШТЕ ........ 57
6. ПОМОШ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ........ 57
7. ПОМОШ ЗА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ НОСИТЕЛИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО СТОПАНСТВО ........ 58
8. ПОМОШ ВО СТОЧАРСКИОТ СЕКТОР ........ 58
9. ПОМОШ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА ПОВИСОКИ СТАНДАРДИ НА КВАЛИТЕТ ........ 58

*9.1. Дополнителна помош до 20% на директните плаќања за спроведени стандарди за безбедност во примарното производство* ........ 58

*9.2. Дополнителна финансиска поддршка по единица производ употребен како суровина за производи со заштитен географски назив* ........ 59

*9.3. Финансиска помош за надомест на трошоците за воведување или за примена на ознака за квалитет* ........ 59

***ПРИЛОГ* 1 ........ 60**

**ПРИЛОГ 2 ........ 61**

**ПРИЛОГ 3 ........ 63**

**ПРИЛОГ 4 ........ 64**

# А. ВОВЕД

## I. Општи услови

Право на користење на средства од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2011 година имаат земјоделски стопанства запишани во единствениот регистар на земјоделски стопанства кој се води во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Корисниците на средства треба да ги имаат намирено сите финансиски обврски кон Министерството и Агенцијата.

## II. Постапка за поднесување на барање

За да го остварите правото за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2011 година, прв чекор кој треба да го направите е да го пополните Образецот „Барање за директни плаќања“.

### 1. Каде може да го добиете образецот „Барање за директни плаќања“?

Образецот може да го добиете на следните места:
а) Во просториите на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во натамошниот текст: Агенција),
б) На веб страната на Агенцијата: www.ipardpa.gov.mk,
в) Во Подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,
г) Во регионалните единици на Агенција за поттикнување на развојот во земјоделството.

### 2. Помош при пополнување на образецот „Барање за директни плаќања“

Помош при пополнување на образецот ќе добиете од советниците во регионалните центри на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството.
Пополнувањето на образецот треба да биде со печатни букви, читко и разбирливо со сино пенкало.
Доколку барањето е неразбирливо или нечитко пополнето, не може да продолжи во понатамошен процес на обработка.

**Образецот и помошта за негово рачно пополнување од страна на советниците на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството**
**СЕ БЕСПЛАТНИ**

## 3. Постапка со пополнетиот образец „Барање за директни плаќања“

Пополнетиот образец, заедно со пропишаните документи, се доставува во Подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на чие подрачје се наоѓа Вашето земјоделско производство (производствени капацитети). Доколку имате производствени капацитети во катастарски општини кои не припаѓаат на една подрачна единица, во тој случај поднесувате барање во секоја подрачна единица за производствените капацитети кои припаѓааат во дадената подрачна единица.
Со поднесување на образецот, во подрачната единица добивате потврда за прием со евидентирана дата на прием.

## 4. Постапка со примениот образец “Барање за директни плаќања“

По доставување на барањето во подрачната единица, следи процес на проверка на доставената документација и внесување на податоците во електронска форма. По внесот на податоците од доставеното барање во подрачната единица, следи печатење (принтање) на образецот „Барање за директни плаќања“ каде истото се потпишува од страна на подносителот на барањето и од вработено лице во подрачната единица.

Оваа постапка Ви дава можност за Ваша повторна проверка на податоците внесени во барањето и во електронскиот систем, како и автоматска проверка на податоците од регистрите и евиденциите преку кои се врши административна контрола на доставеното барање. Во случај на несовпаѓање на податоците од барањето со податоците од регистрите имате можност истите да ги корегирате во надлежните институции и да го остварите правото на директни плаќања за производствените капацитети со кои реално располагате.

## 5. Повлекување, изменување и дополнување на поднесено барање

Барањето за директни плаќања во целост или во делови може да биде повлечено, изменето или дополнето по писмен пат од страна на подносителот најдоцна во рок од 30 дена од поднесувањето, освен доколку носителот на земјоделското стопанство е веќе информиран за намерата од изведување на контрола на самото место, или за постоење на нерегуларност во барањето.
Писмена достава за повлекување, изменување и/или дополнување на барањето се доставува до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

**ВНИМАВАЈ !!!**
**Барање може да поднесе само носител на земјоделско стопанство.**

**Доколку имотот е во сопственост на член на стопанството, задолжително се пополнува Изјава за носител и членови на семејното земјоделско стопанство и истата се заверува на нотар.**

**Доколку земјоделското стопанство е регистрирано во една подрачна единица, а барањето се доставува во друга, во тој случај задолжително се доставува потврда за упис во Единствен регистар на земјоделски стопанства издадена од подрачната единица каде што се води регистарот.**

**За растително производство барање се поднесува по завршување на сеидба/садење/расадување. Не се пријавуваат површини кои се планираат за сеидба, туку реално насеаните површини.**

## 6. Рок за поднесување на барање

Роковите за поднесување на барање по одделни мерки и подмерки од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2011 година се прикажани во следните табели:

### Мерки за поддршка на доходот на земјоделските стопанства:

Табела1. Календар за поднесување на барања за директни плаќања за растително производство

| Број на подмерка | Назив на подмерката | Рок за поднесување на барање |
|---|---|---|
| 1.1 | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за поледелски култури | До 31 мај 2011 година |
| 1.2 | Дополнителни плаќања од подмерка 1.1 за одгледување на ориз и сончоглед | До 31 мај 2011 година |
| 1.3 | Дополнителни плаќања од подмерка 1.1. за засеани површини со житни култури со сертифициран семенски материјал | До 31 мај 2011 година |
| 1.4 | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за градинарско производство на отворено и во пластеници | До 31 мај 2011 година |
| 1.5 | Дополнителни плаќања од подмерка 1.4 за производство под контролирани услови на домати, пиперки, краставици и режано цвеќе | До 31 мај 2011 година |
| 1.6 | Дополнителни плаќања од подмерка 1.4 за градинарски култури продадени во преработувачки капацитети | До 5 ноември 2011 година |

| | | |
|---|---|---|
| 1.7 | Директни плаќања по површина за одржување на постоечки лозови насади | До 31 мај 2011 година |
| 1.8 | Директни плаќања по површина за одржување на постоечки овошни насади | До 31 мај 2011 година |
| 1.9 | Директни плаќања за подигање на нови лозови насади | До 31 мај 2011 година |
| 1.10 | Директни плаќања за подигање на нови овошни насади | До 31 мај 2011 година |
| 1.11 | Директни плаќања за произведен и продаден ориентален ароматичен и полуориентален суров тутун од реколта 2010 година | |
| 1.12 | Директни плаќања за производство на домашен сертифициран семенски материјал за житни, индустриски (освен тутун), и градинарски култури | |
| 1.13 | Директни плаќања за производство на домашен лозов калем и овошен саден материјал | До 5 ноември 2011 година |

Табела 2. Календар за поднесување на барања за директни плаќања за сточарско производство

| **Број на подмерка** | **Назив на подмерката** | **Рок за поднесување барање** |
|---|---|---|
| 2.1 | Директни плаќања за обележани грла говеда | До 30 октомври 2011 година |
| 2.2 | Директни плаќања за произведено и продадено кравјо млеко | 1. До 29 април за продедено млеко во период од 1октомври до 31декември 2010 година,<br><br>2. До15 јуни за продедено млеко во период од 1јануари до 31април 2011 година,<br><br>3. До 5 ноември за продедено млеко во период од 1мај до 30 септември 2011 година |
| 2.3 | Директни плаќања за одгледани и заклани грла говеда во регистриран кланичен капацитет | До 5 ноември 2011 година |
| 2.4 | Директни плаќања за добиено теле по пат на В/О | До 5 ноември 2011 година |
| 2.5 | Директни плаќања за набавка на високостелни јуници со познато потекло и висок генетски потенцијал | До 5 ноември 2011 година |
| 2.6 | Директни плаќања за обележани грла овци од сите категории | До 30 октомври 2011 година |

| | | |
|---|---|---|
| 2.7 | Директни плаќања за произведено и продадено овчо млеко | 1. До 29 април за продедено млеко во период од 1октомври до 31декември 2010 година,<br>2. До15 јуни за продедено млеко во период од 1јануари до 31април 2011 година,<br>3. До 5 ноември за продедено млеко во период од 1мај до 30 септември 2011 година |
| 2.8 | Директни плаќања за набавка на машки приплодни грла - оригинали и репродуктори | До 5 ноември 2011 година |
| 2.9 | Директни плаќања за обележани грла кози | До 30 октомври 2011 година |
| 2.10 | Директни плаќања за произведено и продадено козјо млеко | 1. До 29 април за продедено млеко во период од 1октомври до 31декември 2010 година,<br>2. До15 јуни за продедено млеко во период од 1јануари до 31април 2011 година,<br>3. До 5 ноември за продедено млеко во период од 1мај до 30 септември 2011 година |
| 2.11 | Директни плаќања за набавка на приплодни машки грла | До 5 ноември 2011 година |
| 2.12 | Директни плаќања по грла маторици | До 31 мај 2011 година |
| 2.13 | Директни плаќања за одгледани и заклани гоеници во кланични капацитети | До 5 ноември 2011 година |
| 2.14 | Директни плаќања за набавка на приплодни грла свињи (назимки и нерези) | До 5 ноември 2011 година |
| 2.15 | Директни плаќања за одгледани и заклани бројлери во регистрирани кланични капацитети | До 5 ноември 2011 година |
| 2.16 | Директни плаќања за амортизирани несилки заклани во регистрирани кланични капацитети | До 5 ноември 2011 година |
| 2.17 | Директни плаќања за произведени еднодневни бројлерски пилиња | До 5 ноември 2011 година |
| 2.18 | Директни плаќања за произведени еднодневни женски пилиња од јајценосни хибриди | До 5 ноември 2011 година |
| 2.19 | Директни плаќања по регистрирано презимено пчелно семејство | До 31 мај 2011 година |
| 2.20 | Директни плаќања за набавка на матици | До 5 ноември 2011 година |
| 2.21 | Директни плаќања за подигање на нови површини под медоносна флора (фацелија, еводија и багрем) | До 31 мај 2011 година |
| 2.22 | Директни плаќања за фармерско одгледување на ноеви | До 31 мај 2011 година |
| 2.23 | Директни плаќања за фармерско производство на полжави | До 31 мај 2011 година |

Табела 3. Календар за поднесување на барања за директни плаќања за органско земјоделско производство

| **Број на подмерка** | **Назив на подмерката** | **Рок за поднесување барање** |
|---|---|---|
| 3.1 | Дополнителни плаќања од 30% за подмерките од мерка 1 и мерка 2 сертифицирани како растително и сточарско органско производство и производство во преод, освен за подмерките 3.2 и 3.3 од мерка 3 | Поднесување на пријава до 31 јуни а поднесување на барање до 1 декември 2011 година |
| 3.2 | Директни плаќања за површини наменети за зелено ѓубрење/угар во плодоред | Поднесување на пријава до 31 јуни а поднесување на барање до 1 декември 2011 година |
| 3.3 | Дополнителни плаќања од 50% за подмерките од мерка2, подмерките 2.6, 2.9 и 2.19 органско овчарство и козарство | Поднесување на пријава до 15 ноември а поднесување на барање до 1 декември 2011 година |
| 3.4 | Директни плаќања за преработка на органски производи и органски производи во преод од домашно потекло (вклучително за доработка и пакување на самоникнати видови со органско потекло) | До 1 декември 2011 година |
| 3.5 | Директни плаќања за продажба на органски производи и органски производи во преод од домашно потекло | До 1 декември 2011 година |
| 3.6 | Посебни директни плаќања за стручна контрола и сертификација | До 1 декември 2011 година |
| 3.7 | Посебни директни плаќања за лабораториски анализи на почва и вода и анализа на органски производи | До 1 декември 2011 година |

**Мерки за дополнителна поддршка за развој на земјоделството (државна помош во земјоделството):**

Табела 4. Календар за поднесување на барања за државна помош во земјоделството

| Број на подмерка | Назив на подмерката | Рок за поднесување барање |
|---|---|---|
| 4 | Помош за премии за осигурување | До 31 август 2011 година |
| 5 | Помош за заштита на земјоделското земјиште | До 31 август 2011 година |
| 9 | Помош за воведување на повисоки стандарди на квалитет | |
| 9.1 | Дополнителна помош до 20% на директните плаќања за спроведени стандарди за безбедност во примарното производство | До 30 ноември 2011 година |
| 9.2 | Дополнителна финансиска поддршка по единица производ употребен како суровина за производи со заштитен географски назив | До 30 ноември 2011 година |
| 9.3 | Финансиска помош за надомест на трошоците за воведување или за примена на ознака за квалитет | До 30 ноември 2011 година |

# III. Пресметување на директни плаќања по површина земјоделско земјиште

Директните плаќања по површина земјоделско земјиште се пресметуваат на користени површини земјоделско земјиште кои земјоделското стопанство ги пријавува во барањето за директни плаќања, согласно пропишаните услови и барања и не ги надминуваат површините утврдени со административни контроли или контроли на самото место.

Доколку при контролата на самото место се утврди дека големината на површината на земјоделското земјиште е:

- поголема од големината на површината наведена во барањето за директни плаќања, висината на директните плаќања се пресметува врз основа на големината на површината наведена во барањето;

- помала до 5% од големината на површината наведена во барањето за директни плаќања, висината на директните плаќања се пресметува врз основа на површината утврдена при контролата намалена за износот од утврдената разлика;

- помала помеѓу 5% - 30%, или за два хектари од големината на површината наведена во барањето за директни плаќања, висината на директните плаќања се пресметува врз основа на површината утврдена при контролата намалена за износот на утврдената разлика зголемен за два пати; и

- помала од 20% - 50% од големината на површината наведена во барањето за директни плаќања, земјоделското стопанство целосно се исклучува од користење на директни плаќања за дадената година.

По примена на опишаните намалувања, доколку се утврди разлика помеѓу количината на набавено сертифицирано семе согласно барањето за директни плаќања и вистински употребеното сертифицирано семе:

- помеѓу 2% и 5%, износот на директните плаќања за користење на сертифициран семенски материјал, се намалува за 50%; и

- над 5%, износот на директните плаќања за користење на сертифициран семенски материјал не се исплаќа.

Доколку е поднесено барање за директни плаќања за користење или производство на семенски или саден материјал кој не е вистински употребен, произведен, или официјално сертифициран, земјоделското стопанство се исклучува од директните плаќања за семенски или саден материјал, како и од директните плаќања по површина во годината на поднесување на барањето и во следната година.

## IV. Пресметување на директни плаќања по грло добиток

Директните плаќања по грло добиток се пресметуваат за број на животни кој не може да биде поголем од бројот наведен во барањето за директни плаќања согласно пропишаните услови и барања, и не го надминува бројот утврден со административна или контрола на самото место.

Директните плаќања по грло добиток се исплаќаат само на земјоделско стопанство кое го задржува истиот број на грла за кои има поднесено барање во периодот на задолжително чување на животните.

Земјоделското стопанство го задржува правото на директни плаќања на бројот на животни за кои поднел барање доколку во текот на периодот на задолжително чување на животните изврши замена на животните без намалување на нивниот број.

Замената треба да се изврши во период од 20 дена од настанот поради кој е неопходно да се изврши замена на животните и истите се внесуваат во Систем за идентификација и регистрација на животни не подоцна од три дена од денот на замената.

Земјоделското стопанство ја информира Агенцијата за замената на животните во рок од 10 дена од извршената замена.

Доколку земјоделското стопанство не ги исполни барањата за задолжителниот период на чување на животните како резултат на виша сила или исклучителни случаи, земјоделското стопанство има право на директни плаќања за бројот на животни во времето на случувањето на вишата сила или исклучителниот случај.

Доколку при контрола на самото место се утврди дека бројот на грла, односно број на пчелни семејства е:

- поголем од бројот од барањето за директни плаќања, висината на директните плаќања се пресметува врз основа на бројот на грла, односно пчелни семејства наведени во барањето;

- помал од бројот на грла, односно пчелни семејства во барањето за директни плаќања за најмногу до 10% разлика, висината на директните плаќања која треба да ја добие земјоделското стопанство се намалува за процентот на нерегуларност;

- помал од бројот на грла, односно пчелни семејства во барањето за директни плаќања од 10-20%, висината на директните плаќања се намалува за процентот на нерегуларност зголемен за два пати; и

- помал од бројот на грла, односно пчелни семејства во барањето за директни плаќања од 20% - 50%, земјоделското стопанство целосно се исклучува од користење на директни плаќања за дадената година.

Процентот на нерегуларност се пресметува како однос помеѓу бројот на откриени нерегуларни грла и вкупниот број на грла утврден со контролите.

Намалувањето и исклучувањето на директните плаќања нема да се примени во случаи кога како резултат на природни влијанија потврдени од официјалната ветеринарна служба како што се: смрт на животното или последици од болест, и смрт на животното како резултат на несреќен случај за кој не е одговорен носителот на земјоделското стопанство, истиот не е во состојба да ги исполни барањата за задолжителниот период на чување на животните. Ова се применува само доколку земјоделското стопанство писмено ја извести Агенцијата за намалување на бројот на животните најдоцна во рок од десет дена од денот на намалувањето.

## V. Исплата на средства

Исплатата на средствата по корисници ја врши Агенцијата.
Исплатата на средства се врши на трансакциски сметки на барателите.
Исплатата ќе се изврши откако ќе се утврди дека барателот ги исполнува условите утврдени во програмата.

**ВАЖНО за одгледувачите на говеда, овци и кози !!!**

Административните проверки на веродостојноста на податоците внесени во барањето ќе се вршат со споредба на податоците од официјалните регистри на животни кои се водат во Агенцијата за храна и ветеринарство.

Ваша обврска е секоја промена на бројната состојба на животните редовно да ја пријавувате во ветеринарната станица.

Пред поднесување на барањето проверете ја евидентираната бројна состојба на вашите животни во ветеринарната станица која е одговорна за обележување.

Пријавете ги само оние грла кои планирате да ги чувате до крајниот рок на задолжително чување.

Доколку настане намалување на бројот на животните во периодот на задолжително чување под влијание на виша сила должни сте истото да го пријавите по писмен пат во Агенцијата најдоцна во рок од 10 дена од настанувањето на промената при тоа доставувајќи релевантни докази (потврда) издадени од официјална ветеринарна служба.

# Б. МЕРКИ ЗА ПОДДРШКА НА ДОХОДОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ СТОПАНСТВА

## 1. ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА ЗА РАСТИТЕЛНО ПРОИЗВОДСТВО

За користење на средства за растително производство, покрај другите документи, задолжително се доставува доказ за поседување или располагање со земјоделско земиште.
Како доказ за поседување или располагање со земјоделско земјиште се доставува еден од следните документи:

1. Имотен лист на име на барателот не постар од 6 месеци,

2. Поседовен лист на име на барателот не постар од 6 месеци,

3. Копија од Договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со Записник за воведување во владение,

4. Договор за закуп на земјоделско земјиште во приватна сопственост заверен на нотар со задолжително доставување на еден од документите наведени под реден број 1 или 2 на име на закуподавачот,

5. Договор за плодоуживање на земјоделско земјиште во државна сопственост со Записник за воведување во владение,

6. Договор за плодоуживање на земјоделско земјиште во приватна сопственост заверен на нотар со задолжително доставување на еден од документите наведени под реден број 1 или 2 на име на давателот на плодоуживање.

## 1.1 Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за поледелски култури

**Корисници**

Корисници на оваа подмерка може да бидат земјоделски стопанства кои во производна 2010/2011 година имаат засеани површини со следните култури: пченица, јачмен, пченка, рж, овес, ориз, тритикале, сирак, просо, хмељ, леќа, кикирики, соја, сончоглед, маслодајна репка, афион, шеќерна репка, луцерка, граор, еспарзета, добиточен грашок и наут (слануток).

**Услови за користење на средствата**

Минимум 0,3 ха засеана површина со житни култури во производна 2010/2011 година.
Минимум засеана површина се однесува за секоја култура одделно.

**Финансиска поддршка**

Висината на директните плаќања изнесува 8.500,00 денари по хектар за секоја култура одделно, со редуцирање на висината на поддршката со зголемување на пријавените површини:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | од 0,3 до 20 ха | 100% |
| 2. | од 20,1 до 100 ха | 60% |
| 3. | од 100,1 до 300 ха | 30% |
| 4. | над 300 ха | 10% |

Пример:

Доколку имате насеано 325 ха пченица и 85 ха јачмен, пресметката на висината на финансиската поддршка која ќе ја добиете ќе се изврши на следниов начин:

| Пченица: 325 ха | |
|---|---|
| 20 ха | 8.500 ден. = 170.000 ден. |
| 80 ха | 5.100 ден. = 408.000 ден. |
| 200 ха | 2.550 ден. = 510.000 ден. |
| 25 ха | 850 ден. = 21.250 ден. |

Според пресметката за пченица ќе добиете 1.109.250,00 денари.

| Јачмен: 85 ха | |
|---|---|
| 20 ха | 8.800 ден. = 170.000 ден. |
| 65 ха | 5.100 ден. = 331.500 ден. |

Според пресметката за јачмен ќе добиете 501.500,00 денари.

Дополнителна финансиска поддршка од 15%  се исплаќа за земјоделски имот во подрачја со ограничени можности за производство.

## Потребни документи

**Семејно земјоделско стопанство:**

1. Барање
2. Фотокопија од лична карта
3. Фотокопија од трансакциска сметка
4. Доказ за поседување или располагање со земјоделско земјиште
5. Договор за одгледување на афион (за поднесено барање за афион)

**Правно лице:**

1. Барање
2. Тековна состојба на правното лице издадена од Централен регистар не постара од 6 месеци
3. Фотокопија од трансакциска сметка
4. Доказ за поседување или располагање со земјоделско земјиште
5. Договор за одгледување на афион (за поднесено барање за афион)

## 1.2 Дополнителни плаќања од подмерка 1.1 за одгледување на ориз и сончоглед

**Корисници**

Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои имаат засеани површини со ориз и сончоглед и имаат поднесено барање за подподмерката 1.1.
Услови за користење на средствата
Минимум 0,3 ха засеана површина со ориз или сончоглед.
Минимум засеана површина се однесува за секоја култура одделно.

**Финансиска поддршка**
Висината на директните плаќања изнесува 3.500,00 денари по хектар.

## 1.3 Дополнителни плаќања од подмерка 1.1 за засеани површини со житни култури со сертифициран семенски материјал

**Корисници**

Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои имаат засеани површини со житни култури за подподмерката 1.1 со сертифициран семенски материјал во производна 2010/2011 година.

**Услови за користење на средствата**

Минимум 0,3 ха засеана површина со житни култури во производна 2010/2011 година.
Минимум засеана површина се однесува за секоја култура одделно.
Прифатлива количина семе за сеидбена норма по хектар се дадени во прилог 1.

**Финансиска поддршка**

Висината на директните плаќања изнесува 3.000,00 денари по хектар за секоја култура одделно и со редуцирање на висината на поддршката со зголемување на пријавените површини:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | од 0,3 до 20 ха | 100% |
| 2. | од 20,1 до 100 ха | 60% |
| 3. | од 100,1 до 300 ха | 30% |
| 4. | над 300 ха | 10% |

**Потребни документи**

Покрај документите наведени во подподмерката 1.1 дополнително се доставуваат и следните документи:

1. Фискална сметка со пропратен документ за идентификација за припадноста на фискалната сметка (сметкопотврда, испратница, фактура платена во готово), или
2. Фактура со испратница за набавен семенски материјал вклучително и доказ за извршената исплата по фактура (банков извод од редовна исплата, компензација со банков извод од помината компензација).

Во случај кога семенскиот материјал е од сопствено производство, се доставува:
1. Сертификат издаден од овластена институција, и
2. Испратница во која задолжително ќе биде внесена количината на семенски материјал изразена во килограми.

*Количината на семенскиот материјал мора да биде изразена во килограми.

## 1.4 Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за градинарско производство на отворено и во пластеници

**Корисници**
Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои имаат засеани површини со следниве градинарски култури: домати, пипер, лубеница, диња, грав, боранија, грашок, компир, краставици, корнишони, зелка, кељ, кромид, лук, праз, тиквички, тикви, зелена салата, брокула, спанаќ, карфиол, морков, целер, цвекло, пашканат, аспарагус, ротквици, цвеќе и култивирано произведени ароматични и зачински растенија.
Листата на ароматични, лековити и зачински растенија кои се предмет на финансиска поддршка за оваа подмерка е дадена во Прилог 2.

**Услови за користење на средствата**
Минимум 0,2 ха засеана површина со градинарски култури која се однесува за сите култури збирно.

**Финансиска поддршка**
Висината на директните плаќања изнесува 20.000 ден/ха, со исклучок на лубеници и дињи за кои висината на директните плаќања изнесува 10.000 ден/ха.
Дополнителна финансиска поддршка од 15% се исплаќа за земјоделски имот во подрачја со ограничени можности за производство.

### Потребни документи
**Семејно земјоделско стопанство:**
1. Барање
2. Фотокопија од лична карта
3. Фотокопија од трансакциска сметка
4. Доказ за поседување или располагање со земјоделско земјиште

**Правно лице:**
1. Барање
2. Тековна состојба на правното лице издадена од Централен регистар не постара од 6 месеци
3. Фотокопија од трансакциска сметка
4. Доказ за поседување или располагање со земјоделско земјиште

## 1.5 Дополнителни плаќања од подмерка 1.4 за производство под контролирани услови на домати, пиперки, краставици и режано цвеќе

**Корисници**

Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства производители на домати, пиперки, краставици и режано цвеќе под контролирани услови и поднеле барање за подмерката 1.4. во 2011 година.

**Услови за користење на средствата**

Минимум 0,2 ха засадена површина во пластеници или стакленици, остварено производство во 2011 година и истото да е продадено на домашен пазар или остварен извоз најдоцна до 15. 05.2011 година.

**Финансиска поддршка**

Висината на директните плаќања изнесува дополнителни 90.000,00 ден/ха.
Дополнителна финансиска поддршка од 15% се исплаќа за земјоделски имот во подрачја со ограничени можности за производство.

### Потребни документи

Покрај документите наведени во подподмерката 1.1 дополнително се доставуваат и следните документи:

**Семејно земјоделско стопанство:**

1. Доказ за поседување или располагање со земјоделско земјиште (пластеник) или доказ за право на користење на оранжерија, и
2. Откупна белешка за продадено прозводство на домашен пазар до 15.05.2011 година

**Правно лице:**

1. Доказ за поседување или располагање со земјоделско земјиште (пластеник) или доказ за право на користење на оранжерија, и
2. Фактура со приемница заверени од овластено лице за продадено прозводство на домашен пазар до15. 05.2011 година или извозно царинска декларација за остварен извоз до 15. 05.2011 година.

## 1.6 Дополнителни плаќања од подмерка 1.4 за градинарски култури предадени во преработувачки капацитети

**Корисници**
Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои имаат засадени површини со градинарски култури и поднеле барање за подподмерка 1.4 во 2011 година.

**Услови за користење на средствата**
Минимум 0,2 ха засадена површина со градинарски култури од подподмерка 1.4 во 2011 година, остварено производство во 2011 година и истото да е продадено во преработувачки капацитети во период ноември 2010- октомври 2011 година.

**Финансиска поддршка**
Висината на директните плаќања изнесува 1,5 ден/кг.
Дополнителна финансиска поддршкаод 15% се исплаќа за земјоделски имот во подрачја со ограничени можности за производство.

### Потребни документи

**Семејно земјоделско стопанство:**

1. Барање
2. Фотокопија од лична карта
3. Фотокопија од трансакциска сметка
4. Доказ за поседување или располагање со земјоделско земјиште
5. Договор со преработувачка индустрија за зеленчук
6. Потврда за продадена количина во преработувачка индустрија за зеленчук.

**Правно лице:**

1. Барање
2. Тековна состојба на правното лице издадена од Централен регистар не постара од 6 месеци
3. Фотокопија од трансакциска сметка
2. Тековна состојба на правното лице издадена од Централен регистар не постара од 6 месеци
3. Фотокопија од трансакциска сметка
4. Финансов документ за продадени еднодневни пилиња-јајценосни хибриди

## 2.19 Директни плаќања за регистрирано презимено пчелно семејство

**Корисници**
Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои поседуваат минимум 35 презимени пчелни семејства.

**Услови за користење на средствата**
Финансиската подршка се исплаќа за оние фарми кои поседувааат минимум 35 презимени пчелни семејства.

**Финансиска поддршка**
Висината на директните плаќања изнесува 500,00 денари/пчелно семејство.
Дополнителна финансиска поддршка од 15% се исплаќа за земјоделски имот во подрачја со ограничени можности за производство.

### Потребни документи

**Семејно земјоделско стопанство:**

1. Барање
2. Фотокопија од лична карта
3. Фотокопија од трансакциска сметка
4. Потврда за бројна состојба на презимени пчелни семејства издадена од официјален ветеринар

**Правно лице:**

1. Барање
2. Тековна состојба на правното лице издадена од Централен регистар не постара од 6 месеци
3. Фотокопија од трансакциска сметка
4. Потврда за бројна состојба на презимени пчелни семејства издадена од официјален ветеринар

## 2.20. Директни плаќања за набавка на матици

**Корисници**
Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои поседуваат минимум 15 пчелни семејства – нуклеуси и имаат купено матици во 2011 година.

**Услови за користење на средствата**
Директните плаќања се исплаќаат за оние пчелари кои поседуваат презимени пчелни семејства и имаат купено најмногу 10 матици од одобрено и регистрирано одгледувалиште на пчелни матици.

**Финансиска поддршка**
Висината на директните плаќања изнесува 350,00 денари по набавена матица независно од вредноста на набавката.

### Потребни документи

**Семејно земјоделско стопанство:**

1. Барање
2. Фотокопија од лична карта
3. Фотокопија од трансакциска сметка
4. Потврда за број на презимени пчелни семејства издадена од официјален ветеринар
5. Финансов документ за купени матици
6. Транспортно уверение
7. Уверение за здравствена состојба

**Правно лице:**

1. Барање
2. Тековна состојба на правното лице издадена од Централен регистар не постара од 6 месеци
3. Фотокопија од трансакциска сметка
4. Потврда за број на презимени пчелни семејства издадена од официјален ветеринар
5. Финансов документ за купени матици
6. Транспортно уверение
7. Уверение за здравствена состојба

## 2.21 Директни плаќања за подигање на нови површини под медоносна флора (фацелија, еводија и багрем)

**Корисници**
Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои поседуваат минимум 35 презимени пчелни семејства и имаат посеана или засадена површина со следните медоносни растенија: фацелија, еводија или багрем.

**Услови за користење на средствата**
Финансиска поддршка се исплаќа за оние одгледувачи на пчели кои поседуваат минимум 35 презимени пчелни семејства и во 2011 година имаат посеана или засадена површина од минимум 0,2 ха со медоносни растенија.

**Финансиска поддршка**
Висината на директните плаќања изнесува 2.500,00 ден/ха и 8,00 ден/садница.
Дополнителна финансиска поддршка од 15% се исплаќа за земјоделски имот во подрачја со ограничени можности за производство.

### Потребни документи

**Семејно земјоделско стопанство:**
1. Барање
2. Фотокопија од лична карта
3. Фотокопија од трансакциска сметка
4. Доказ за поседување или располагање со земјоделско земјиште
5. Потврда за број на презимени пчелни семејства издадена од официјален ветеринар

**Правно лице:**
1. Барање
2. Тековна состојба на правното лице издадена од Централен регистар не постара од 6 месеци
3. Фотокопија од трансакциска сметка
4. Доказ за поседување или располагање со земјоделско земјиште
5. Потврда за број на презимени пчелни семејства издадена од официјален ветеринар

## 2.22 Директни плаќања за фармерско одгледување на ноеви

**Корисници**
Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои одгледуваат ноеви и имаат регистрирано одгледувалиште.

**Услови за користење на средствата**
Директните плаќања се исплаќаат за оние фармери кои одгледуваат минимум 4 возрасни единки ноеви.

**Финансиска поддршка**
Висината на финансиската поддршка ќе изнесува 1.700,00 ден/глава.
Дополнителна финансиска поддршка од 15% се исплаќа за земјоделски имот во подрачја со ограничени можности за производство.

### Потребни документи

**Семејно земјоделско стопанство:**

1. Барање
2. Фотокопија од лична карта
3. Фотокопија од трансакциска сметка
4. Потврда за број на возрасни единки ноеви издадена од официјален ветеринар
5. Потврда за регистрирано одгледувалиште

**Правно лице:**

1. Барање
2. Тековна состојба на правното лице издадена од Централен регистар не постара од 6 месеци
3. Фотокопија од трансакциска сметка
4. Потврда за број на возрасни единки ноеви издадена од официјален ветеринар
5. Потврда за регистрирано одгледувалиште

## 2.23 Директни плаќања за фармерско производство на полжави

**Корисници**
Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои одгледуваат полжави и имаат регистрирано одгледувалиште.

**Услови за користење на средствата**
Директните плаќања се исплаќаат за оние фармери кои одгледуваат полжави на минимум 0,2 ха вкупна производна површина на фармата.

**Финансиска поддршка**
Висината на директните плаќања изнесува 90.000,00ден//ха.
Дополнителна финансиска поддршка од 15% се исплаќа за земјоделски имот во подрачја со ограничени можности за производство.

### Потребни документи

**Семејно земјоделско стопанство:**

1. Барање
2. Фотокопија од лична карта
3. Фотокопија од трансакциска сметка
4. Доказ за поседување или располагање со земјоделско земјиште
5. Потврда за големина на производна површина издадена од официјален ветеринар
6. Потврда за регистрирано одгледувалиште

**Правно лице:**

1. Барање
2. Тековна состојба на правното лице издадена од Централен регистар не постара од 6 месеци
3. Доказ за поседување или располагање со земјоделско земјиште
4. Потврда за големина на производна површина издадена од официјален ветеринар
5. Потврда за регистрирано одгледувалиште

# 3. ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА ЗА ОРГАНСКО ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО

## 3.1 Дополнителни плаќања од 30% за подмерките од мерка 1 и 2 сертифицирани како растително и сточарско органско производство и производство во преод, освен за подмерките 3.2 и 3.3 од мерка 3

**Корисници**
Корисници на оваа мерка се земјоделски стопанства кои имаат сертифицирано растително и сточарско органско производство и производство во преод од мерките 1 и 2.

**Услови за користење на средствата**
Директни плаќања се исплаќаат за оние производители кои имаат сертифицирано растително или сточарско органско производство или производство во преод.

**Финансиска поддршка**
Висината на директните плаќања се зголемува за 30% во однос на директните плаќања предвидени во мерките за растителното и сточарското производство.

За овоштарското и лозарското производство висината на директните плаќања се пресметува скалесто, и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | од 0,1 до 10 ха | 100% |
| 2. | од 11 до 20 ха | 60% |
| 3. | од 21 до 30 ха | 30% |
| 4. | над 30 ха | 10% |

За градинарското производство висината на директните плаќања се пресметува скалесто со зголемување од 10.000,00 денари по хектар во однос на померката 1.3, и тоа :

| | | |
|---|---|---|
| 1. | од 0,1 до 5 ха | 100% |
| 2. | од 5,1 до 10 ха | 60% |
| 3. | од 10,1 до 20 ха | 30% |
| 4. | над 20 ха | 10% |

## Потребни документи

**Семејно земјоделско стопанство:**

1. Барање
2. Фотокопија од лична карта
3. Фотокопија од трансакциска сметка
4. Доказ за поседување или располагање со земјоделско земјиште
5. Договор со овластено акредитирано тело за вршење стручна контрола во органското земјоделско производство
6. Фотокопија од Сертификат за извршена стручна контрола од страна на овластено акредитирано тело
7. Фотокопија од легитимација на регистрирано одгледувалиште (за сточарство)
8. Потврда за бројна состојба на презимени пчелни семејства

**Правно лице:**

1. Барање
2. Тековна состојба на правното лице издадена од Централен регистар не постара од 6 месеци
3. Фотокопија од трансакциска сметка
4. Доказ за поседување или располагање со земјоделско земјиште
5. Договор со овластено акредитирано тело за вршење стручна контрола во органското земјоделско производство,
6. Фотокопија од Сертификат за извршена стручна контрола од страна на овластено акредитирано тело
7. Фотокопија од легитимација на регистрирано одгледувалиште (за сточарство)
8. Потврда за бројна состојба на презимени пчелни семејства

## 3.2 Директни плаќања за површини наменети за зелено ѓубрење/угар во плодоред

**Корисници**
Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои имаат површини наменети за зелено ѓубрење или угар во плодоред.

**Услови за користење на средствата**
Финансиската поддршка се исплаќа за површини на кои се одгледуваат тревни смеси кои служат за зелено ѓубрење или пак површините не се користат за земјоделско производство (се оставаат за угар во плодоред).
Финансиска поддршка не се исплаќа доколку угарот се применува повеќе од една година на иста површина.

**Финансиска поддршка**
Висината на директните плаќања изнесува 3.500,00 денари/ха.

### Потребни документи

**Семејно земјоделско стопанство:**

1. Барање
2. Фотокопија од лична карта
3. Фотокопија од трансакциска сметка
4. Доказ за поседување или располагање со земјоделско земјиште
5. Договор со овластено акредитирано тело за вршење стручна контрола во органското земјоделско производство
6. Фотокопија од Сертификат за извршена стручна контрола од страна на овластено акредитирано тело

**Правно лице:**

1. Барање
2. Тековна состојба на правното лице издадена од Централен регистар не постара од 6 месеци
3. Фотокопија од трансакциска сметка
4. Доказ за поседување или располагање со земјоделско земјиште
5. Договор со овластено акредитирано тело за вршење стручна контрола во органското земјоделско производство
6. Фотокопија од Сертификат за извршена стручна контрола од страна на овластено акредитирано тело

## 3.3 Дополнителни плаќања од 50% за подмерките од мерка 2, подмерки 2.6, 2.9 и 2.19 органско овчарство и козарство

**Корисници**
Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства одгледувачи на овци, кози и пчели.

**Услови за користење на средствата**
Дополнителните плаќања се наменети за оние фарми кои сертифицираат органско производство и производство во преод на овци, кози или пчели.

**Финансиска поддршка**
Висината на дополнителните плаќања се зголемува за 50% во однос на висината на директните плаќања за подмерките 2.6, 2.9 и 2.19, а за овчарството се врши скалеста пресметка, како што следи:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | од 1 до 500 овци | 100% |
| 2. | од 501 до 1.000 овци | 60% |
| 3. | од 1.001 до 2.000 овци | 30% |
| 4. | над 2.000 овци | 10% |

### Потребни документи

**Семејно земјоделско стопанство:**
1. Барање
2. Фотокопија од лична карта
3. Фотокопија од трансакциска сметка
4. Фотокопија од легитимација на регистрирано одгледувалиште
5. Потврда за број на презимени пчелни семејства
6. Договор со овластено акредитирано тело за вршење стручна контрола во органското земјоделско производство,
7. Фотокопија од Сертификат за извршена стручна контрола од страна на овластено акредитирано тело

**Правно лице:**
1. Барање
2. Тековна состојба на правното лице издадена од Централен регистар не постара од 6 месеци
3. Фотокопија од трансакциска сметка
4. Фотокопија од легитимација на регистрирано одгледувалиште
5. Потврда за број на презимени пчелни семејства
6. Договор со овластено акредитирано тело за вршење стручна контрола во органското земјоделско производство
7. Фотокопија од Сертификат за извршена стручна контрола од страна на овластено акредитирано тело

## 3.4 Директни плаќања за преработка на органски производи и органски производи во преод од домашно потекло (вклучително за доработка и пакување на самоникнати видови со органско потекло)

**Корисници**
Корисници на оваа подмерка се производители кои имаат произведено преработки од примарни земјоделски органски производи или производи во преод од домашно потекло или пак имаат извршено доработка и пакување на самоникнати видови со органско потекло и истите ги имаат продадено.

**Финансиска поддршка**
Висината на директните плаќања изнесува 2% од вредноста на произведени и продадени производи со максимален износ до 150.000,00 денари по оператор.

### Потребни документи

**Правно лице:**
1. Барање
2. Тековна состојба на правното лице издадена од Централен регистар не постара од 6 месеци
3. Фотокопија од трансакциска сметка
4. Договор со овластено акредитирано тело за вршење стручна контрола во органското земјоделско производство
5. Фотокопија од Сертификат за преработка за извршена стручна контрола од страна на овластено акредитирано тело
6. Финансов документ за продадени производи

## 3.5 Директни плаќања за продажба на органски производи и органски производи во преод од домашно потекло

**Корисници**
Корисници на оваа подмерка се правни лица кои вршат трговија или извоз на свежи и преработени органски производи и органски производи во преод од домашно потекло.

**Финансиска поддршка**
Висината на директните плаќања изнесува 5% од вредноста на продадени/извезени производи со максимален износ до 150.000,00 денари по оператор.

**Потребни документи**

**Правно лице:**

1. Барање
2. Тековна состојба на правното лице издадена од Централен регистар не постара од 6 месеци
3. Фотокопија од трансакциска сметка
4. Договор со овластено акредитирано тело за вршење стручна контрола во органското земјоделско производство
5. Фотокопија од Сертификат за извршена стручна контрола од страна на овластено акредитирано тело за производите кои се предмет на продажба
6. Финансов документ за продадени производи во Република Македонија или Извозно царинска декларација за извезени производи.

## 3.6 Посебни директни плаќања за стручна контрола и сертификација

**Корисници**

Корисници на оваа подмерка се субјекти од областа на органското земјоделско производство кои имаат добиено сертификат од овлатено тело во 2011 година.

**Финансиска поддршка**

Висината на директните плаќања изнесува 50% од трошоците за добиен сертификат од овластено тело во 2011 година.

**Потребни документи**

**Семејно земјоделско стопанство:**

1. Барање
2. Фотокопија од лична карта
3. Фотокопија од трансакциска сметка
4. Договор со овластено акредитирано тело за вршење стручна контрола во органското земјоделско производство
5. Фотокопија од Сертификат за извршена стручна контрола од страна на овластено акредитирано тело
6. Фактура и доказ за платена фактура за стручна контрола и сертификација

**Правно лице:**

1. Барање
2. Тековна состојба на правното лице издадена од Централен регистар не постара од 6 месеци
3. Фотокопија од трансакциска сметка
4. Договор со овластено акредитирано тело за вршење стручна контрола во органското земјоделско производство,
5. Фотокопија од Сертификат за извршена стручна контрола од страна на овластено акредитирано тело
6. Фактура и доказ за платена фактура за стручна контрола и сертификација

## 3.7 Посебни директни плаќања за лабораториски анализи на почва и вода и анализа на органски производи

**Корисници**
Корисници на оваа подмерка се семејни земјоделски стопанства и правни лица кои имаат извршено анализи на почва, вода и органски производи во домашна овластена лабораторија.

**Финансиска поддршка**
Висината на Директните плаќања изнесува 50% од вредноста со максимален износ до 9.000,00 денари по корисник.

### Потребни документи

**Семејно земјоделско стопанство:**

1. Барање
2. Фотокопија од лична карта
3. Фотокопија од трансакциска сметка
4. Договор со овластено акредитирано тело за вршење стручна контрола во органското земјоделско производство,
5. Фотокопија од Сертификат за извршена стручна контрола од страна на овластено акредитирано тело
6. Извештај од лабораторија за извршена анализа
7. Финансов документ за извршена анализа

**Правно лице:**

1. Барање
2. Тековна состојба на правното лице издадена од Централен регистар не постара од 6 месеци
3. Фотокопија од трансакциска сметка
4. Договор со овластено акредитирано тело за вршење стручна контрола во органското земјоделско производство,
5. Фотокопија од Сертификат за извршена стручна контрола од страна на овластено акредитирано тело
6. Извештај од лабораторија за извршена анализа
7. Финансов документ за извршена анализа

# II. МЕРКИ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА ПОДДРШКА ЗА РАЗВОЈ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО (ДРЖАВНА ПОМОШ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО)

## 4. ПОМОШ ЗА ПРЕМИИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

**Корисници**

Корисници се земјоделски стопанства кои ги имаат исполнето критериумите од програмата и располагаат со следните максимални капацитети:

а) лозови и овошни насади до 5ха

б) градинарски култури до 2ха

в) тутун до 1ха

г) житни култури до 10ха

д) пчелни семејства до 100

**Услови за користење на средства**

Постапката за добивање на финасисика поддршка за оваа подмерка е на следниот начин:

1. Барање за користење на средства од оваа подмерка со пропишаната документација се поднесува во подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство до 30.08.2011 година.
2. Подрачната единица врз основа на податоците од Единствениот регистар на земјоделски стопанства, приложените документи и утврдените критериуми во програмата, издава Потврда за исполнување на условите за користење на средства и истата ја доставува до барателот.
3. Барателот ја доставува Потврдата до осигурителната компанија.
4. Осигурителната компанија издава Полиса за осигурување при што земјоделското стопанство го задолжува со 40% од вредноста на полисата, а за останатите 60% ја задолжува Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој .
5. Еден примерок од Полисата (оригинал или фотокопија) барателот враќа во подрачната единица со што го дополнува своето досие.
6. Подрачната единица до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ги доставува комплетните документи од барателот.
7. Осигурителната компанија до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој доставува:
8. Еден примерок од Полисата (оригинал)
9. Збирна фактура со рекапитулар на фактурите со јасен приказ за висина на премијата, делот со кој е задолжен барателот и делот со кој е задолжена Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој .
10. Изјава од овластеното лице на осигурителната компанија дека со префрлање на средства од Агенцијата на осигурителната компанија во име на барателот, осигурителната компанија ќе го ослободи барателот во висина на префрлениот износ.
11. Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој по утврдување на исполнетоста на критериумите утврдени во програмата, ќе изврши исплата на средства по фактура на сметка на осигурителната компанија, а во корист на барателот и тоа во висина од 60% од вкупната вредност на Полисата.
12. Барателот на финансика поддршка од оваа подмерка производствените земјоделски капацитети може да ги осигура во осигурителна компанија по сопствен избор.

**Финансиска поддршка**
Висината на финансиската поддршка изнесува 60% од вредноста на полисата за осигурување.

**Потребни документи**
Барање
Полиса за осигурување посеви и насади за 2011 година

## 5. ПОМОШ ЗА ЗАШТИТА НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ЗЕМЈИШТЕ

**Корисници**
Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои имаат извршено агрохемиски или педолошки анализи во 2011 година.

**Финансиска поддршка**
Висината на финансиската поддршка изнесува 70% од трошоците за анализа, но не повеќе од 9.000,00 денари по барател.

### Потребни документи

**Семејно земјоделско стопанство:**
1. Барање
2. Фотокопија од лична карта
3. Фотокопија од трансакциска сметка
4. Извештај од извршена агрохемиска анализа
5. Финансов документ за извршена агрохемиска анализа

**Правно лице:**
1. Барање
2. Фотокопија од лична карта
3. Фотокопија од трансакциска сметка
4. Извештај од извршена агрохемиска анализа
5. Финансов документ за извршена агрохемиска анализа

## 6. ПОМОШ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Правилникот за поблиските критериуми за доделување помош за обезбедување на техничка поддршка во земјоделството, максималниот износ на помошта, начин за доделување на помошта, субјектите кои имаат право на учество во постапката, како и потребната документација, објавен е во Службен весник на Република Македонија број 30 од 10.03.2011 година.

## 7. ПОМОШ ЗА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ НОСИТЕЛИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО СТОПАНСТВО

Помош за одделни категории на носители на семјоделско стопанство е дополнителна помош која се доделува на земјоделски стопанства корисници на директни плаќања во износ поголем во однос на останатите корисници за:

- 5% за правно лице регистрирано во ЕРЗС како земјоделско стопанство кое е основано од носителот или членот на семејното земјоделско стопанство со целокупниот земјоделски имот на семејното земјоделско стопанство освен објекти за домување или престојување на земјоделските производители и

-10% за категориите на млад земјоделец или жена носител на семејно земјоделско стопанство.

Помошта се дава најмоногу за период од пет години од уписот на промената во ЕРЗС.

## 8. ПОМОШ ВО СТОЧАРСКИОТ СЕКТОР

Мерката е наменета за покривање на административни трошоци за воспоставување и одржување на матично книговодство и трошоци за извршени испитувања за утврдување на генетскиот квалитет или приносот во сточарството.

## 9. ПОМОШ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА ПОВИСОКИ СТАНДАРДИ НА КВАЛИТЕТ

Корисници се физички и правни лица кои имаат воведено стандарди за квалитет на земјоделски прехранбени производи и преработки и се регистрирани во регистар на корисниците на заштитени географски називи согласно Закон за индустриска сопственост.

### 9.1. Дополнителна помош до 20% на директните плаќања за спроведени стандарди за безбедност во примарното производство

Оваа помош се применува на семејни земјоделски стопанства и правни лица кои поседуваат сертификат за спроведени стандарди за безбедност (ГЛОБАЛГАП) во 2011 година за производство на свежи производи и производи наменети како суровина за преработувачки капацитети кои имаат спроведен ХАСАП систем. Висината на поддршката се зголемува за 20% во однос на поддршката за подмерките од мерка 1 и мерка 2.

## 9.2. Дополнителна финансиска поддршка по единица производ употребен како суровина за производи со заштитен географски назив

Оваа помош се применува на семејни земјоделски стопанства и правни лица кои своето производство/одгледување и продажба на количината од употребената суровина за земјоделски прехранбен производ со заштитен географски назив ја предале во преработувачки капацитети. Висината на поддршката изнесува 0,50 ден/кг./литар продадена суровина за подмерките од мерките 1 и 2.

## 9.3. Финансиска помош за надомест на трошоците за воведување или за примена на ознака за квалитет

Оваа помош се применува на производители на земјоделски или прехранбени производи од растително или животинско потекло за првата година од запишувањето во Регистарот на корисници на заштитен географски назив (географска ознака или ознака за потекло или традиционален специјалитет) најдоцна до 2011 година кој се води во Државниот завод за индустриска сопственост. Висината на помошта за овој критериум изнесува 250.000,00 денари за заштитен производ по географска ознака, ознака за потекло или традиционален специјалитет од животинско потекло и 300.000,00 денари за заштитен производ по географска ознака, ознака за потекло или традиционален специјалитет од растително потекло.

## ***ПРИЛОГ* 1**

Просечни количини семе по хектар

| Вид | Маса на 1000 зрна | Сеидбена норма | | Просечно кг/ха |
|---|---|---|---|---|
| | | број зрна на м2 | кг/ха | |
| Пченица | 40-45 | 600-700 | 250-300 | 270 |
| Јачмен | 35-40 | 450-500 | 160-200 | 180 |
| Тритикале | 45-55 | 450-550 | 240-300 | 250 |
| 'Рж | 40-50 | 450-500 | 180-250 | 200 |
| Овес | 30-35 | 400-450 | 120-160 | 140 |
| Ориз | 37-44 | 450-500 | 170-220 | 200 |
| Пченка | 300-500 | 6,5-8,0 | 20-40 | 30 |
| Сирак | 20-30 | 6,0-12,0 | 10-30 | 20 |

# ПРИЛОГ 2

ЛИСТА НА КУЛТИВИРАНИ ЛЕКОВИТИ, АРОМАТИЧНИ И ЗАЧИНСКИ РАСТЕНИЈА ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО

Valeriana officinalis – мачкина трева (одолен, валеријан)
Inula Helenium L. Asteraceae – оман (голем корен, волско око)
Ocimum basilicum L ( laminaceae ) – босилек
Trigonella foenum graecum L ( legumenosae) – грчко семе (пискавица, сминдух)
Angelica archangelica L. (Umbeliferae) - ангелика
Digitalis lanata Ehrh. ( scrophulariaceae) – волнест напрсток (бесник)
Chamomilla recutita L. (или Matricaria chamomilla) - камилица
Centaurea cyanus L. – синчец
Lavandula angustifolia L. - лаванда
Linum usitatissimum L. - лен
Silybum marianum L. (Asteraceae) – (сикавица, дива артичока, бадељ – ова се српско-хрватски термини на растението)
Melissa officinalis L. – маточина (пчелина трва, лимон трева)
Papaver somnuferum - афион
Petroselinum crispum - магдонос
Mentha piperitae L - нане
Calendula officialis L. - невен
Salvia officinalis L. - жалфија
Achilea millefolium L. – ајдучка трева
Echinacea purpurea ( angustiflia ) – сончев шешир
Plangato lanceolata L. – теснолистен тегавец
Hissopus officinalis L. - изоп
Pimpinella anisum L. - анасон
Arnica montana* - арника
Urtica dioica L. (Urticaseae)* - коприва
Gentiana lutea L. (Gentianacea)* - линчура
Hipericum perforatum L. ( Hyperiaceae) * - кантарион
Verbascum phlomolides I Verbascum densiflorum – лопен
Malva silvestris L. – црн слез (див слез, голем слез)
Althaea officinalis L. ( Malvaceae) – бел слез
Saturea hortensis (montana) L. ( Laminaceae) – чубрица
Anetum graveolens L. (Umbelliferaceae) - копар
Artemisia dracunculus (Asteraceae) – естрагон,
Foeniculum vulgare , var. dulce – сладок анасон (fenikulum)
Humilus lupulus L. - хмел
Coriandrum sativum L. – кориандер
Majorana hortensis ( origanum majorana ) L. – мајоран
Sinapsis alba L. – бел синап
Thymus vilgaris L. - тимјан
Artemisia absinthium L. – пелин (бел пелин, питом пелин)

А. ЛЕКОВИТИ РАСТЕНИЈА:
КУЛТИВИРАНИ РАСТЕНИЈА
САМОНИКЛИ РАСТЕНИЈА

КУЛТИВИРАНИ ЛЕКОВИТИ РАСТЕНИЈА:

Valeriana officinalis – мачкина трева (одолен, валеријана)
Inula helenium L. Asteraceae – oman (голем корен, волско око)
Ocimum basilicum L ( Laminaceae ) –босилек

Trigonella foenum graecum L ( legumenosae) – грчко семе (сминдух)
Angelica archangelica L. (Umbeliferae) - снгелика
Digitalis lanata Ehrh. ( scrophulariaceae) – волнест напрсток
Chamomilla recutita L. - камилица
Centaurea cyanus L. – синчец
Lavandula angustifolia L. - лаванда
Linum usitatissimum L. - лен
Silybum marianum L. - (сикавица, дива артичока, бадељ)
Melissa officinalis L. – маточина (пчелина трева, лимон трева)
Papaver somnuferum - афион
Petroselinum crispum - магдонос
Mentha piperitae L - нане
Calendula officialis L. - невен
Salvia officinalis L. - жалфија
Achilea millefolium L. – ајдучка трева
Echinacea purpurea ( angustiflia ) – сончев шешир,
Plangato lancepolata L. – теснолистен тегавец
Hissopus officinalis L. - изоп
Pimpinella anisum L. - анасон

САМОНИКЛИ И КУЛТИВИРАНИ ЛЕКОВИТИ РАСТЕНИЈА:

Arnica montana* - арника
Urtica dioica L. (Urticaseae)* - коприва
Gentiana lutea L. (Gentianacea)* - линкура
Hypericum perforatum L. ( Hyperycaceae, но поправилно е Clusiaceae) * - кантарион
Chamomila vulgaris L. - (камилица)
Verbascum phlomolides i Verbascum densiflorum - лопен
Malva silvestris L. – црн слез (див слез, голем слез)
Achilea millefolium L. – ајдучка трева
Verbascum phlomolides I Verbascum densiflorum (лопен)
Althaea officinalis L. ( malvaceae) – бел слез

Б. КУЛТИВИРАНИ ЗАЧИНСКИ РАСТЕНИЈА:

Saturea hortensis (montana) L. ( Laminaceae) – чибица
Anetum graveolens L. (Umbelliferaceae) - копар
Artemisia dracunculus (Astraceae) - естрагон
Foeniculum vulgare , var. dulce – сладок анасон (fenikulum)
Humilus lupulus L – хмел
Coriandrum sativum L. - koriander
Majorana hortensis ( origanum majorana ) L. - мајоран
Petroselinum crispum - магдонос
Sinapsis alba L. – бел синап
Thimus vilgaris L. - тимјан
Artemisia absinthium L. – пелин (бел пелин, питом пелин)
Carum carvi - ким

# ПРИЛОГ 3

Табела за прифатлив број на овошки -садници   по хектар за постоечки производни овошни насади подигнати до пролет 2010 година по овошни видови и за ново подигнати производни насади од есен 2010 до пролет 2011 година

| реден број | овошен вид | прифатлив број на овошки по хектар |
|---|---|---|
| 1 | јаболка | 400 -1000 |
| 2 | круши | 333 - 833 |
| 3 | дуњи | 500 - 714 |
| 4 | мушмула | 555 -833 |
| 5 | слива | 333 -500 |
| 6 | праски | 333 833 |
| 7 | кајсија | 400- 570 |
| 8 | цреши | 500 -570 |
| 9 | вишна | 500 -1000 |
| 10 | селекциониран орев | 69 -125 |
| 11 | калемен орев | 69 -125 |
| 12 | бадем | 333 -500 |
| 13 | лешник | 500 -833 |
| 14 | питом костен | 208 |
| 15 | актинидија | 555 -833 |
| 16 | маслинка | 333 -500 |
| 17 | калинка | 625 -833 |
| 18 | јапонско јаболко | 333 -500 |
| 19 | смоква | 500 -833 |
| 20 | аронија | 2666 |
| 21 | боровинка | 2222- 4000 |
| 22 | шип | 1666 -3333 |
| 23 | рибизла | 3333 -8000 |
| 24 | малина | 8000 -16666 |
| 25 | капина | 1250 -2777 |
| 26 | јагода | 31250 -83333 |

# ПРИЛОГ 4

Прифатливиот број на сертифициран калем за посадочен материјал по хектар

| Растојание меѓу редовите (м) | Растојание меѓу лозовите во редот (во метри) | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 0.7. | 0.9. | 1.1. | 1.2. | 1.3. | 1.5. | 1.7. | 1.9. | 2.0. |
| 1.2 | 11.905 | 9.259 | 7.576 | 6.944 | 6.410 | 5.556 | 4.902 | 4.386 | 4.176 |
| 1.4 | 10.204 | 7.936 | 6.494 | 5.952 | 5.495 | 4.762 | 4.202 | 3.760 | 3.571 |
| 1.6 | 8.929 | 6.944 | 5.682 | 5.208 | 4.808 | 4.167 | 3.676 | 3.289 | 3.125 |
| 1.8 | 7.936 | 6.173 | 5.051 | 4.630 | 4.274 | 3.704 | 3.268 | 2.924 | 2.778 |
| 2.0 | 7.134 | 5.556 | 4.545 | 4.167 | 3.846 | 3.333 | 2.941 | 2.632 | 2.500 |
| 2.2 | 6.494 | 5.050 | 4.132 | 3.788 | 3.497 | 3.030 | 2.674 | 2.392 | 2.273 |
| 2.4 | 5.952 | 4.629 | 3.788 | 3.472 | 3.205 | 2.778 | 2.451 | 2.193 | 2.083 |
| 2.6 | 5.494 | 2.778 | 3.496 | 3.205 | 2.959 | 2.564 | 2.262 | 2.024 | 1.923 |
| 2.8 | 5.102 | 3.968 | 3.247 | 2.976 | 2.747 | 2.381 | 2.101 | 1.880 | 1.786 |
| 3.0 | 4.762 | 3.704 | 3.030 | 2.778 | 2.564 | 2.222 | 1.961 | 1.754 | 1.667 |
| 3.2 | 4.464 | 3.472 | 2.841 | 2.604 | 2.404 | 2.083 | 1.838 | 1.645 | 1.562 |
| 3.4 | 4.202 | 3.268 | 2.674 | 2.451 | 2.262 | 1.961 | 1.730 | 1.548 | 1.471 |
| 3.6 | 3.968 | 3.086 | 2.525 | 2.315 | 2.137 | 1.852 | 1.634 | 1.462 | 1.389 |



# У П А Т С Т В О

## ЗА КОРИСНИЦИ НА СРЕДСТВА ОД ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2011 ГОДИНА

Ова Упатство е **БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК** наменет за потенцијалните корисниците на средствата од **Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2011 година** во кој се содржани сите информации за критериумите и условите за остварување на правото на финансиска поддршка и останати информации кои се неопходни при доствувањето на „Барање за директни плаќања".
Ова Упатство не претставува правен акт.

Примероците од ова Упатство заинтересираните можат да ги подигнат директно во:

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,**
**ул. Скупи бр. 3-а, (зграда Фонко)**
**1000 Скопје**

**Подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство**

**Регионални единици на Агенцијата поттикнување и развој на земјоделството**

веб-адресата на Агенцијата:
www.ipardpa.gov.mk